Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ



# СТРАТЕШКИ ПЛАН 2010 2012

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи на Република Македонија

Дата на издавање: 20.04.2010 година

Уредници: Марија Леова Димеска - Сектор за стратешко планирање, анализа и статистика
Весна Новаковиќ - Канцеларија за односи со јавност и комуникација

Дизајн и припрема: Марија Темелис - Сектор за информатичка технологија
Драгица Николоска - Сектор за информатичка технологија

Наслов: Стратешки приоритети на Управата за јавни приходи
за периодот 2010-2012 година
Бр: 08-6951/1

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

354.21.075.5:336.2 (497.7) “2010/12”

СТРАТЕШКИ приоритети на Управата за јавни приходи за период
2010-2012 / (уредници Марија Леова Димеска, Весна Новаковиќ) . -
Скопје : Управа за јавни приходи на Република Македонија, 2010. - 32
стр. ; 24 см

ISBN 978-608-4592-07-5

а) Управа за јавни приходи - Македонија - Стратешки планови -
2010-2012
COBISS.MK-ID 82707978

# СОДРЖИНА

ВОВЕД . . . . . . 2

МИСИЈА И ВИЗИЈА . . . . . . 3

НАДЛЕЖНОСТИ И ПРАВНА РАМКА . . . . . . 5

СТРУКТУРА . . . . . . 6

ПРОГРАМИ . . . . . . 8

- Зајакнување на административните капацитети . . . . . . 10
- Развој на новите надлежности . . . . . . 15
- Обезбедување зголемено ниво на даночни приходи . . . . . . 17
- Подобрување на услугите кон даночните обврзници . . . . . . 21
- Развој на човечките ресурси . . . . . . 23
- Зајакнување на меѓународната соработка . . . . . . 26



# ВОВЕД

Стратешкиот план на Управата за јавни приходи (УЈП) ги содржи основните развојни компоненти чија реализација е планирана во периодот 2010-2012 година.

Документот ги обезбедува генералните насоки како приоритетни цели, мерките кои треба да се преземат за нивно реализирање и активностите, кои со доследна примена од страна на вработените во УЈП и со соодветно финансирање, ќе обезбедат реализација на мисијата и визијата на институцијата.

Стратешките приоритети претставуваат и темел за изградба на современ даночен орган со висок углед и интегритет кај даночните обврзници, кај домашната и меѓународната јавност - доверба во професионалноста, ефикасноста, транспарентноста и услужната ориентираност.

Овој документ е усогласен со:

- Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2010 година
- Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија
- Проектот за техничка помош во спроведување на реформата на даночната администрација за периодот 2005-2010 година, спроведуван со Одделот за фискални работи на Меѓународниот монетарен фонд
- Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија 2007-2010 година и
- Стратешкиот план на Управата за јавни приходи за периодот 2009-2011 година.



# МИСИЈА И ВИЗИЈА

## Мисија

Нашата мисија е да обезбедиме висок квалитет на услуги за даночните обврзници и поедноставни даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските, и праведно и ефикасно собирање на даноците и јавните давачки.

## Визија

Зголемувањето на административните капацитети, имплементацијата на современа технологија, подигнувањето на квалитативните стандарди на деловните процеси и приближувањето до практиките и стандардите на Европската Унија, треба да обезбеди Управата за јавни приходи да претставува модел на професионална организација во јавниот сектор во Република Македонија.

За остварување на нашата визија, во периодот 2010-2012 година потребни се финансиски средства во износ од 1.051.940.000 денари и тоа, 834.640.000 денари во 2010 година, 227.980.000 денари во 2011 година и 97.720.000 денари во 2012 година.

Од планираните средства за реализација на мерките и активностите предвидени во Стратешкиот план, најзначајни се оние за обезбедување на информатичката инфраструктура, завршување на процесот на фискализација, обезбедување на простор за работа и подобрување на условите на работењето, плати на нововработените и организирање на обуки.

# НАДЛЕЖНОСТИ И ПРАВНА РАМКА





# НАДЛЕЖНОСТИ И ПРАВНА РАМКА

## Надлежности

Управата за јавни приходи функционира единствено на територијата на Република Македонија. Врз основа на Законот за Управата за јавни приходи, извршува управни и други стручни работи кои се однесуваат на делокругот на нејзиното работење и работи кои произлегуваат од посебните даночни закони.
Спроведувајќи ја оперативно даночната политика и наплатата на даноци, социјални придонеси од плата и други јавни давачки, Управата обезбедува остварување на функциите на државата, им дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.

## Правна рамка

За организацијата и надлежностите на Управата за јавни приходи, за општото даночно право и даночната управна постапка, од особено значење се два акта - Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка.
Законот за Управата за јавни приходи, донесен во месец септември 2005 година, со измени и дополнувања во месец јули 2008 година, претставува правна рамка за административниот капацитет во поглед на делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во УЈП.
Со последните измени и дополнувања на Законот во 2008 година, се создаде и основата за новата организација на УЈП по функционален модел и за промена на статусот на вработените во „даночни службеници”.
Со Законот за даночна постапка, донесен во месец јануари 2006 година и со измени и дополнувања донесени до 2009 година, на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници, постапката по жалба, водењето на прекршочна постапка и прекршочните одредби.
Правната рамка, вклучувајќи ги и подзаконските акти и оперативните инструкции за работа на одделните функции на Управата, обезбедува можност за засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и за борба против одбегнување на плаќање даноци.



# СТРУКТУРА

## Постојна структура

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице. Со состојба на 31.12.2009 година, бројот на вработени изнесува 1249 лица.

Од 1 јануари 2009 година, овозможено со измените во Законот за Управата за јавни приходи, работите од делокругот на институцијата се вршат преку: Генерална дирекција, Дирекција за големи даночни обврзници, пет регионални дирекции со седишта во Скопје, Битола, Штип, Тетово и Кавадарци, осум даночни одделенија лоцирани во Охрид, Прилеп, Куманово, Струмица, Гостивар, Кичево, Велес и Гевгелија и 72 даночни шалтери кои треба да се отворат во сите општини.

Освен поранешните даночни одделенија кои се трансформираа во даночни шалтери, во текот на 2009 година отворени се нови даночни шалтери за подрачјето на општините Босилово, Ново Село, Василево, Могила, Новаци, Вевчани, Врапчишта и Брвеница, а во тек се преговори со другите единици на локална самоуправа, за достапност на даночните услуги во нивните простории.

## Планирани промени

Квалитативна реорганизација на работењето на Управата за јавни приходи, како и подобрување на услугите кон даночните обврзници, се неопходни за усогласување со растечката улога на персоналното оданочување преку социјалните придонеси и персоналниот данок на поединците. Реорганизацијата се однесува на разграничување на работите и работните задачи поврзани со:

- субјектите кои извршуваат економски активности (бизнис заедница) и
- поединците и нивните остварени приходи (физички лица).

Посебно значење имаат и отпочнатите процеси на децентрализацијата на функцијата „услуги на даночни обврзници”, и централизацијата на функцијата „прием и обработка на даночни пријави” и „присилна наплата на даночните долгови” преку развојот на Центарот за обработка на пријави и Центарот за впаричување на долгови.

# ПРОГРАМИ





# ПРОГРАМИ

Во периодот 2010-2012 година, се планираат шест основни развојни стратешки цели. Дел од нив претставуваат континуиран развој и надоградба на веќе воведените мерки и нивно зајакнување со нови активности, а дел од стратешките цели се проширувaат со нови мерки за зајакнување на административниот капацитет и оспособување на даночната администрација за темелно извршување на основните функции со нов квалитет, кој се појавува како неопходност.
Зголемувањето на бројот на граѓани кои поднесуваат Годишни даночни пријави за остварените приходи и даночната обврска која произлегува од нив, воведувањето на концептот „бруто-плата” и новата обврска за администрирање на социјалните придонеси од плата, бараат воспоставување на нови интегрирани евиденции за даночните обврски на поединците.
За водење на квалитативни евиденции, неопходно е независно располагање со основните податоци на граѓаните важни за нивно идентификување како даночни обврзници. Оттука, се наметнува и потребата за воведување на Даночен број за граѓанинот, формирање на регистар на тие броеви и електронски даночни досиеја за физичките лица. Ваквиот програм претставува приближување кон европската и воопшто светската практика, каде посебно внимание се посветува на оданочувањето на поединците, кое е издвоено од системот на оданочување на стопанските активности.

Зајакнувањето на кохезионите сили внатре во УЈП и овозможување на транспарентност на работењето и еднаквост во постапките, ја наметнува потребата од воведување на електронска архива и електронско следење на патот и содржината на сите влезни, излезни и внатрешни документи, со дефинирани нивоа за право на пристап.

Преку воспоставување и имплементација на Интранет системот за внатрешна комуникација, ќе се овозможи и изградба и ефектуирање на системот на електронско учење и меѓусебна комуникација на вработените во Управата.

Земајќи ги во предвид актуелните економски состојби, овој план дава предлози и за нивно надминување преку промена на соодветни закони и постапки кои се водат во УЈП. Во таа смисла, од особено значење е унапредување и централизирање на функцијата „присилна наплата” преку новиот Центар за вапричување.

Општествениот стандард на вработените и условите за работа, се исто така важен елемент на севкупната модернизација на УЈП.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ





# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Процесот на зајакнување на административните капацитети на Управата за јавни приходи, потпомогнато со законодавството кое се усогласува со европското Aqui, има за крајна цел ефикасна борба против одбегнувањето на плаќање даноци.

- ***Специјализација на функциите на УЈП за даночни обврзници со стопански активности и за остварените приходи на граѓаните***

  Оваа мерка подразбира квалитативна реорганизација на работењето на даночната администрација, преку потесна специјализација на работењето на функциите и тоа, одделно за даночни обврзници со стопански активности и за даночни обврзници со остварени приходи (граѓани).

  Во оваа насока, во рамките на постојната организација, потребно е редефинирање на работите и работните задачи сврзани: за водењето на стопанските активности на друштвата и работењето на јавно - правните тела, со што се опфаќа работењето со даноците на промет и на добивка; и за остварените приходи на граѓаните - физички лица, со што се опфаќа работењето со персоналните даноци и социјалните придонеси од плата.

  Со интегрирање на податоците за социјалните придонеси и персоналниот данок на граѓаните, од пријавите за плата, од пријавите за приходите кои се оданочуваат, од годишните извештаи на исплатувачите на приходи и од годишните даночни пријави, а потоа и од податоците кои УЈП ги презема од други институции и новите податоци кои во иднина ќе ги презема од други бази на податоци, ќе се оформи функционална целина и квалитативна основа за оданочување и услуги кон граѓаните како даночни обврзници.

  Со оглед на спецификите на групацијата, ќе се воведат и развиваат и соодветни методи на контрола.

  Со цел на хармонизирање со европското законодавство и пракса, ќе се воведе Даночен број за граѓаните, ќе се воспостави Регистар на даночни обврзници - граѓани и Електронско даночно досие за секој даночен обврзник - граѓанин.

- ***Натамошно унапредување на работата со големите даночни обврзници (ДГДО)***

  На крајот на 2009 година, се изврши избор на нови 60 компании кои ќе ги администрира ДГДО. Второто проширување на листата на големи даночни обврзници е извршено врз основа на резултатите од работењето на даночните обврзници, но и основниот критериум според кој даночниот приход од Дирекцијата треба да учествува со 55% во вкупниот даночен приход кој го обезбедува УЈП.



Соодветно на зголемениот број на даночни обврзници, вкупно 235 големи даночни обврзници кои ќе ги администрира ДГДО, ќе се зголеми и бројот на даночни инспектори.
За зголемување на ефикасноста на даночната контрола во ДГДО, ќе се развиваат алатки за подготовка на контрола кај големите даночни обврзници и избор преку критериуми за оценка на ризичноста.
За унапредување на работењето, ефикасна имплементација и практична примена на даночната регулатива, ќе се спроведува поединечна и групна обука на вработените.

- ***Развој на системот на централна обработка на даночните пријави***

  Центарот за обработка на пријавите (ЦОП) ќе ја преземе обработката на сите даночни пријави за сите регионални дирекции и ДГДО, и тоа сите хартиени и е-даночни пријави, освен Месечната пресметка за интегрирана наплата (МПИН) доставена на медиум.
  За таа цел, неопходно е спроведување на информатичко проектирање на работата на ЦОП, набавка на компјутерска опрема и софтвер за скенирање и е-Архивирање на хартиените документи (интегрирано хардверско и софтверско решение) и обука на вработените во Центарот за сите постапки.

- ***Воведување на електронска архива и управување со документите***

  Електронската архива значи електронско евидентирање, меморизирање и распоредување на сите влезни и излезни документи и регистрирање на нивното внатрешно движење. За реализација на оваа активност потребно е да се изврши проектирање на електронската архива, на распоредувањето и следењето на движењето на документите во УЈП, и на самото електронско досие, да се обезбеди нов дисковен простор за проширување на електронското чување на документи, да се подигне капацитетот на проток на мрежата и да се набави компјутерска опрема и софтвер за скенирање и електронско архивирање на хартиените документи. При ставање на системот во употреба планирана е едукација на вработените во сите регионални дирекции и ДГДО, даночните одделенија и даночните шалтери.

- ***Продолжување со процесот на развој и доградба на новиот информатички систем***

  Новиот ИТ систем на УЈП, кој треба да биде ставен во функција во 2010 година, подразбира и миграција на податоците од стариот ИТ систем, тестирање на новиот систем и обука за користење и одржување на новото информациско решение за сите вработени, согласно нивните овластувања за користење и посебните потреби.



Следејќи го развојот на информатичката технологија, ќе се вградува современа компјутерска опрема, особено опрема за имплементација на интегрираната наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок од плата и периферна компјутерска опрема, како и доградба на постојниот безбедносен ѕид (firewall).
За зголемените функции на УЈП и зголемениот обем на хардвер, се планира и реконструкција на систем салата, набавка на мрежна опрема, мрежно поврзување на даночните одделенија и даночните шалтери.
За потребите на новиот Центар за впаричување и за работењето на Управата, ќе се имплементира софтвер за материјална евиденција.
Унапредување на системот на едукација и комуникација внатре во Управата подразбира и изградба на софтвер за е-Учење на вработените за даночната проблематика, и софтвер за ИНТРАНЕТ за внатрешна комуникација на вработените.

- ***Унапредување на системот на внатрешна ревизија***

Воведувањето на нови видови ревизии - ИТ ревизија, ревизија на интегритет и ревизија на користењето на средства од ИПА Фондови, проценките за ризици во секој сектор и во секоја фаза на работењето на УЈП, и континуираната обука на внатрешните ревизори се неколкуте чекори преку кои ќе се унапредува работата на Единицата за внатрешна ревизија.

- ***Размена на податоци на УЈП со други институции***

При воспоставувањето на интерконекција со Националната разузнавачка база на податоци (НРБП), ќе се имплементираат мерките за зачувување на тајноста и заштита на податоците, односно обезбедување на неопходната опрема и просторија за контролиран надзор.
Во делот на размената на податоци со други институции, се планира пристап до базата на податоци за Годишни сметки на Централниот регистер на РМ, усогласување на регистрите на ниво на Влада на РМ (Проект на Министерството за информатичко општество), и е - Услуги на ниво на Влада на РМ (Проект на Министерството за информатичко општество).



- ***Доградба на системот на аналитичко информирање за состојбите од работењето и создавање на статистика***

  Усовршувањето на системот на аналитичко информирање за состојбите од работењето на функциите на УЈП (анализи, менаџерски извештаи, периодични извештаи, развој на стандардите за мерење на учиноци, процес на планирање) и воведувањето на статистики за поддршка на функциите (евиденција на податоци, архивирање/снимање на медиуми и статистика за потребите на функциите), е една од стратешките цели на УЈП во насока на подобрување на деловните процеси и изградба на организацискиот лик на УЈП.

- ***Развој на системот на комуникација и информирање на јавноста***

  УЈП особено внимание посветува на унапредувањето на екстерната и интерната комуникација, преку воведувањето на нови канали и методи за комуникација и информирање, прилагодени на потребите на целните групи.

  Зајакнувањето на капацитетите на Канцеларијата за односи со јавност и комуникација, имплементацијата на Стратегијата за комуникација и Книгата на графички стандарди, и зголемената медиумска покриеност и информирање на јавноста (национално и локално) за активностите на УЈП, даночниот систем и потребата од плаќање даноци, треба дополнително да го зајакнат организацискиот лик на институцијата и довербата на јавноста во даночната администрација.

  Системот на комуникација, особено внатрешната комуникација, кој за крајна цел има високо мотивирани вработени кои ги познаваат целите на организацијата, ќе се унапредува преку воведувањето на Интранет, донесување на Упатство за изготвување пишани материјали и План за комуникација во кризни состојби, со соодветна обука за вработените.

  Во делот на градењето на добри односи и вредности во институцијата, централно место зазема Денот на даночните работници „Св.Матеј“, настан кој се одбележува секоја година на 29 ноември и на кој се доделуваат јубилејни признанија за посветеност, професионалност и придонес на вработените во УЈП.

# РАЗВОЈ НА НОВИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ





# РАЗВОЈ НА НОВИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ

- ***Администрирање на социјалните придонеси и персоналниот данок од плата***

  Во 2009 година се изработи Студија за деловните процеси и интерните процедури за администрирање на социјалните придонеси во рамките на сите функции на УЈП, за во 2010 да се изврши набавка на сеопфатен информатички систем (хардвер и софтвер) и да се изврши интегрирање на софтверот за социјални придонеси и персоналниот данок од плата со новиот ИТ систем. Се до достигнување на таа фаза, ќе се врши прилагодување на постојниот систем за прием и обработка на Месечна пресметка за интегрирана наплата (МПИН) со законските потреби.

  Посебно внимание ќе се посвети на развојот на методите на контрола на социјалните придонеси и персоналниот данок (бруто-плата) преку анализа и менаџирање на информациите од системот на обработка на МПИН, и тоа, канцелариски контроли и надворешна контрола и изготвување на оперативни инструкции за начинот на извршување на контролите.

- ***Развој на системот на порамнување и водење на прекршочни постапки и спроведување на санкции***

  За развој на системот за водење постапки во сите фази и во сите функции и организациони делови на УЈП - порамнување, водење на прекршочни постапки и примена на санкции, ќе се воведат соодветни евиденции за постапките и ќе се вршат редовни едукации на ангажираните лица во претходните и во прекршочната постапка.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗГОЛЕМЕНО НИВО НА ДАНОЧНИ ПРИХОДИ





# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗГОЛЕМЕНО НИВО НА ДАНОЧНИ ПРИХОДИ

- ***Доградба и развој на даночните евиденции***

  Градењето на системот на евиденции за социјалните придонеси од плата по исплатител и по осигуреник, интегрирање со сите видови приходи на граѓаните, доградување и развојот на даночните евиденции до обезбедување на нивна едноставност и точност, е императив во развојот на даночните евиденции. Оваа мерка ќе биде имплементирана и преку изготвување на Оперативни инструкции и детални процедури за работа во даночното книговодство, и нивна континуирана доградба и развој. За подигнување на ефикасноста нужно е и прераспоредување на кадарот во суштинските функции за анализа на податоците за утврдување и наплата на даноци.

- ***Градење мерки за справување со неповолните економски состојби, намалените даночни приходи и зголемените даночни долгови***

  За справувањето со неповолните економски состојби, намалените даночни приходи и зголемените даночни долгови, потребна е промена на правната основа за скратување на постапките и намалување на трошоците за администрирање на даноците кај даночните обврзници и кај УЈП. Во оваа насока, соодветните предлози за измени на законите за даноците на доход и Законот за даночна постапка, предлог промени во регулативата за јавните претпријатија за имплементирање на ефикасен механизам за наплата на даночните долгови, како и усогласувањето на Оперативните инструкции согласно извршените законски промени, треба ги дадат посакуваните резултати.

- ***Идентификување на нерегистрираните даночни обврзници и нивно вклучување во легалниот даночен систем на Република Македонија***

  Во делот на откривање на нерегистрирани даночни обврзници и нивно внесување во редовните законски текови, Управата за јавни приходи ќе ја зајакнува соработката со другите инспекциски органи, особено соработката со Пазарна инспекција, Министерството за внатрешни работи и други инспекциски органи, истовремено зголемувајќи го бројот на заеднички контроли.



- ***Натамошно зајакнување на капацитетот на надворешната контрола***

  Унапредување и развој на Стратегијата за надворешна контрола вклучува ажурирање и развој на воведените критериуми за ризик за ДДВ, анализирање на резултатите од нивната примена и нивна промена со нови критериуми, софтверско интегрирање на изготвените критериуми за ризик на новорегистрирани даночни обврзници, утврдување на ризичности кај големите даночни обврзници поврзана од успешноста и резултатите на нивното работење и утврдување на критериуми за ризичност на социјалните придонеси од плата и персоналниот данок и нивно софтверско интегрирање и надополнување.

  Основа за зајакнување на капацитетите на даночниот инспекторат е реализацијата на следните мерки:

  - Планирање на надворешните контроли во согласност со критериумите за планирање и селекција, анализа на резултатите од нивната примена и нивна промена со нови критериуми;
  - Развој и надградба на алатките за надворешна контрола - тригодишни споредбени анализи на финансиските извештаи, даночните пријави и финансиските индикатори и едукација на сите инспектори за користење на алатките за надворешна контрола;
  - Воведување на посебна „контрола на остварените приходи на даночните обврзници - граѓани";
  - Воведување на нови техники за надворешна контрола на посебните видови даноци. Програмот за контрола на ДДВ, инсталиран во компјутерите на даночните инспектори преку кој истовремено се врши и нивна едукација за примена на новата техника, се надоградува и усовршува со тековно тестирање и анализа. Врз основа на истиот, ќе се изготви и новата техника за контрола на данок на добивка. Исто така, се планира и креирање и развивање на метода и техника на контрола на персоналниот данок на доход и социјалните придонеси и едукација за примена на новите техники.
  - Имплементирање на Excel profesional методот за контрола во Даночниот информативен систем;
  - Промовирање на методи и техники на контроли по специфични индустрии;
  - Воведување на компјутерски контроли и набавка на софтвер за компјутерски контроли со лиценци, со првична едукација на инспекторите од ДГДО, а потоа и на сите инспектори;
  - Надоградба и усовршување на Програмот „Карактеристики на даночни обврзници", со континуирана едукација на инспекторите;
  - Спроведување на Стратегијата за лица со големо богатство стекнато од неоданочени или недоволно оданочени приходи;
  - Користење на информации од трети страни и поврзување со базата на податоци со други институции;
  - Развој на методи на контрола за борба против корупцијата, непријавени даноци и други казниви дела;



- Развој на стандардите за мерење на квалитетот на надворешна контрола и нивно тестирање на одреден број на случаи, и спроведување на обука на оценувачите на квалитетот на надворешна контрола.
- Воведување на нови методи на контрола: „канцелариска контрола” со примена на алатките за контрола и „посета кај даночниот обврзник”, во рамки на функцијата утврдување и наплата на данок, и обезбедување на соодветен кадар и негова едукација за новите методи на работа.

- ***Зајакнување на наплатата на даночните долгови***

  Зајакнување на методите на управување со долгот, воведување на методи на предупредување и опоменување за плаќање на долгови пред присилна наплата, утврдувањето на методи за наплата на даночни долгови од јавни претпријатија и од даночни обврзници кои имаат побарувања од државни институции и јавни претпријатија, се мерките преку кои ќе се зајакнува наплатата на даночните долгови.

- ***Развој на Центарот за впаричување***

  Крајна цел на организирањето на Центар за впаричување е истиот да се развие во централизирана единица за присилна наплата. Во почетниот период е планирано да се обезбедат неопходните услови за работење на Центарот, простор за работење, материјално-технички средства, назначување на кадар за работа и негово едуцирање и формирање архива на започнати постапки за присилна наплата.

- ***Воведување на Интегриран автоматски систем за постојана електронска комуникација на даночните обврзници со УЈП за автоматско пренесување на податоците од фискалниот систем на опрема во вид на дневен финансиски извештај (ГПРС)***

  Со воведувањето на Интегрираниот автоматски систем за регистрирање на готовинските плаќања ќе се заокружи процесот на фискализација во Република Македонија и ќе се зголеми ефикасноста и ефективноста во работењето на УЈП.
  Системот ќе се инсталира преку поставување на ГПРС уреди на поединечната опрема кај даночните обврзници, на финансиски товар на Владата на Република Македонија.
  Од страна на УЈП изготвен е нов Предлог Закон за регистрирање на готовински промет и Предлог Правилник за пренос и користење на податоците преку посттерминалите и истите се доставени до Министерството за финансии.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ КОН ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ





# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ КОН ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ

- ***Продолжување со процесот на подигнување на степенот на свесноста на даночните обврзници за нивната социјална улога во општеството***

  Процесот подразбира висок степен на достапност на информациите за правата и обврските на даночните обврзници, преку различните комуникациски канали и унапредување на новите услуги на УЈП - изготвување на публикации и информативни материјали, одржување семинари и други едукативни и информативни средби со даночните обврзници и други целни групи, како и ширење на мрежата на даночни шалтери во сите општини во Република Македонија. Со цел на давање услуги со подобар квалитет, ќе се извршуваат наменски обуки на вработените-обучувачи во регионалните дирекции. Ќе продолжи и ќе се развива работата на советодавниот одбор на даночни обврзници на Македонија.

- ***Продолжување со процесот на оспособување на даночните обврзници за доброволно и законско исполнување на нивните даночни обврски без интервенции на УЈП***

  За остварување на оваа цел, за потребите на Контакт центарот ќе се врши континуирано дополнување и ажурирање на базата на знаење со нови содржини од областа на даноците и социјалните придонеси. Во рамките на Проектот Индустриско партнерство кој значи развивање на партнерски однос со даночни обврзници од различни дејности и гранки, ќе се одржуваат советодавни средби со припадниците на одбрани дејности и со нивните асоцијации, ќе се вршат нови согледувања за состојбите за оданочувањето на одбраната дејност, ќе се преземаат активности на надворешна контрола за припадниците на дејноста кои не ги исполнуваат даночните обврски, ќе се врши сумирање на резултатите и ќе се формира статистичка база и информирање на јавноста за резултатите. Ќе се реализира Програмата за реновирање и уредување на просторот за давање услуги во регионалните дирекции, даночните одделенија и даночните шалтери на единствен начин. Ќе се спроведат годишни анкети за испитување на степенот на задоволството на даночните обврзници од услугите што ги дава УЈП.

- ***Продолжување со процесот на обезбедување на висок степен на развој на електронските услуги***

  Практикувањето и воспоставувањето на електронската комуникација во сите области на работењето е основна определба на УЈП.
  ВЕБ страницата www.ujp.gov.mk, како најважен канал за комуникација, континуирано се надградува со нови содржини, според потребите на даночните обврзници и целните групи.
  Во оваа насока, се планира и имплементацијата на нови е-алатки (е-Даночен калкулатор) и редизајн на постојните е-услуги согласно графичките стандарди на УЈП.

РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ





# РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

- ***Подобрување на структурата на вработените, условите за работа и општествениот стандард за вработените***

  Преку реализирање на програмите за вработување на млади високоедуцирани кадри и со системот на прераспоредување на вработените од технички и несуштински функции (обработка на податоци и сл.) на суштествени работи, ќе се делува на квалитетот и ефикасноста на работењето на УЈП.
  Локациите за новите даночни шалтери ќе се обезбедуваат, првенствено, во соработка со единиците на локалната самоуправа.
  Преку создавањето услови за добивање оброк во просториите на УЈП, на почетокот во Генералната дирекција, а потоа и во сите регионални дирекции, како и обезбедување пијалоци преку автомати, ќе се влијае на подобрување на квалитативните услови на работење и општествениот стандард на вработените.

- ***Системска едукација на вработените***

  Стратегијата за обука на УЈП има за цел да ја поддржи реорганизацијата на институцијата и новите деловни процеси на клучните функции. Континуираната обука за работењето и управувањето, подобрување на способноста на вработените на сите нивоа, е во насока на поефикасно извршување на работата и услугите, на поттикнување на доброволното исполнување на даночните обврски на даночните обврзници и на присилното извршување, кога тоа ќе биде потребно.
  Системот на обука во УЈП треба да биде заокружен преку „Регионалната даночна академија“, проект кој ќе се реализира преку четири развојни етапи:
  - воспоставување на интерна обука на вработените на раководните позиции за вештините на раководењето, едукација за даноците и даночните постапки на вработените во контролата, утврдувањето и наплатата на даноци и на други функции, од страна на посебни стручни лица;
  - среднорочна цел (6 месеци) е да се воспостави Академија за обука на вработените, дизајнирана така што ќе може да понуди најдобра обука и сместување за посетителите;
  - среднорочна и долгорочна цел (12 до 18 месеци) на Академијата е да се прошири програмата за обука и на други заинтересирани корисници: даночни советници, финансиски институции, обука за раководење во државните институции, обука за даночните обврзници; и
  - долгорочна цел (18 до 24 месеци) е да стане Регионална даночна академија.



Даночната академија се планира да прерасне во Источноевропски центар за најдобри практики на даночните администрации, што ќе биде можно откако ќе ги надмине интерните потреби на УЈП и потребите на заинтересираните корисници од земјата.
За оваа цел подготвен е Акционен план за формирање на даночната академија, Предлози за организационата структура, Описи за академските работни места, дефинирани се минималните капацитети потребни за секоја поединечна фаза од развојот на проектот, Прегледи на анализите на потребите од учење и Проект за потребниот деловен простор.

- ***Соодветно праведно и мотивирачко наградување***

  Актите за бонус системот за наградување и соодветните мерки и стандарди за праведно и мотивирачко наградување ќе бидат составен дел од новата Стратегија за човечки ресурси.

- ***Интегритет на вработените дефиниран во Етичкиот Кодекс***

  За зачувување на личниот и интегритетот на службата, ќе се инсистира на спроведување и почитување на Етичкиот кодекс на вработените во УЈП.
  Зајакнувањето на антикорупциските единици на внатрешната контрола и кадровското екипирање и едукација на вработените во Единицата за професионални стандарди, се клучни за унапредување на контролните механизами на однесувањето на даночните службеници.

* * *

Во периодот 2010-2012 година, во Управата за јавни приходи се предвидуваат дополнителни 105 нови вработувања, односно по 35 лица годишно. Нововработените лица ќе бидат распоредувани според потребите.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА





# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

- ***Одбегнување на двојно оданочување или неоданочување и размена на податоци за даночни измами***

  Активностите во Управата за јавни приходи се одвиваат во насока на примена на меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување или неоданочување, развивање на воведениот систем, едукација на вработените за примена на меѓународните договори и задржаниот данок и ажурирање на веб страницата на УЈП за поголема достапност на информициите поврзани со оваа тема.
  Во исто време, ќе се зајакнува и системот на размена на податоци кои служат за превенирање или откривање на даночни измами и финансиски криминал. Со набавка и ставањето во функција на соодветно хардверско и софтверско решение, треба да се подобри техничката основа на размена на податоци со што ќе се овозможи и постојан проток на податоци со земјите на ЕУ.

- ***Размена на податоци за ДДВ во рамките на ЕУ-систем ВИЕС***

  Со цел на постојана размена на податоци за ДДВ со земјите членки на ЕУ на пропишан начин, потребно е формирање на Канцеларија за врски за размена на ДДВ податоци за што ќе се набави пропишана хардверска и софтверска база, ќе се ангажираат вработени и ќе се изврши нивна едукација по стандардите на ЕУ.

- ***Соработка со меѓународни институции и организации***

  Преку комуникација со меѓународните институции и организации се цели да се продолжи и прошири соработката со тие институции и организации и да се воспостави стабилна рамка за идна соработка, за да се овозможи:
  - апплицирање на Проектите кои се дел од нивните годишни програми, а потоа периодично да се известува за степенот на имплементација на Проектите;
  - организирање на донаторски конференции;
  - учествување во Годишната програма и Годишното Собрание на Интраевропската организација на даночни администрации (ИОТА) и да се организира работилница во Република Македонија во рамките на годишната програма на ИОТА.



- ***Соработка со даночните администрации на државите членки на Европската Унија и други земји***

  Соработката со даночните администрации на државите членки на Европската Унија и другите земји надвор од ЕУ се заснова и унапредува преку: билатерална соработка; организирање на координирани прекугранични инспекциски контроли со даночните администрации на соседните земји; операционализирање на иницијативата на УЈП за размена на информации меѓу балканските даночни администрации како рана превенција за новите текови во даночната евазија; подготвување и учество на Балканската даночна конференција (во 2010 година ќе се одржи 4-та по ред); и организирање на Меѓународна конференција во нашата држава, на која ќе земат учество првите менаџери од даночните администрации на државите членки на ЕУ-поддржувачи на евроинтегративниот процес на РМ.

- ***Евроинтегративен процес***

  Во рамки на евроинтегративниот процес се спроведуваат дел од тековните активности на УЈП: подготовка на НПАА Програмата; подготовка и доставување на месечен извештај до Секторот за европски прашања (СЕП) и Канцеларијата на ЕУ во РМ за степенот на реализација на НПАА Програмата; имплементирање на Програмата ИПА (програмирање, имплементација, мониторинг, и евалуација); имплементација на Програмата ФИСКАЛИС (имплеметација на Годишната програма на ФИСКАЛИС, мониторинг, евалуација, организирање на Работилница, креирање на Профил на УЈП во рамките на TACTIK FISKALIS); подготовка за поткомитети во рамките на Комитетот за асоцијација и стабилизација; комуникација и координација на активностите во рамките на DG Taxud.

- ***Централна проектна канцеларија***

  Преку подготовка на база на податоци за потребите на Централната проектна канцеларијата, изготвување на квартални извештаи до Управниот одбор за модернизација на УЈП и техничка поддршка на проектните тимови и тим лидерите на развојните проекти, ќе се унапредува работата на канцеларијата.

**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Бул. „Кузман Јосифовски - Питу” бр.1, 1000 Скопје
телефон 02/3299 500; факс 02/3281 010
е-пошта: info@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk

Оваа публикација е достапна и во електронска верзија на веб страницата на УЈП
http://www.ujp.gov.mk/mk/osnovni_dokumenti/category/112

**2010 © Управа за јавни приходи**
*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*



**www.ujp.gov.mk**



ISBN: 978-608-4592-07-5